Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 02.06.2022

На 01.06.2022, полициски службеници од Полициската станица Виница ги лишиле од слобода А.А.(28) и 17-годишен малолетник, двајцата од с.Градец, виничко. Во 19.30 часот на излезот од с.Градец, полициски службеници од ОВР Виница запреле патничко возило „опел фронтера", без регистарски таблички, управувано од малолетникот, а сопатник бил А.А., кое било натоварено со огревно дрво без соодветна документација. Полициски службеници го одзеле возилото со дрвната маса за понатамошна постапка. Запознаен е Јавен обвинител, а увид извршила екипа од ОВР Виница и по целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 01.06.2022 во 20.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ј.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 14.35 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Г.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2022 околу 20.30 часот на ул.„Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Г.(19) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 01.06.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 22 возачи, од кои 12 санкции се изречени на територија на Битола, 3 на територија на Прилеп и 7 санкции во Ресен.

На 01.06.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 6 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас и 7 за непрописно паркирање.

На 01.06.2022 околу 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Скупи", патничко возило „шкода фабиа", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(30) удрило во малолетен пешак, двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.06.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Шуто Оризари, А.И.(26) од Скопје пријавила дека на ул.„Индира Ганди" била касната од куче скитник.

На 01.06.2022 во 15.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Вељко Влаховиќ" во Штип, патничко возило „алфа ромео", со штипски регистарски ознаки, управувано од А.Т.(30) од Република Србија, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.Т., констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 01.06.2022 во Полициската станица Драчево, Д.А.(75) од Скопје пријавил дека на ул. „Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 01.06.2022 околу 17.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот Велес – Скопје, после местото викано „Кула", патничко возило „сангјонг корандо", со кавадречки регистарски ознаки, управувано од П.С.(34) од Кавадарци, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Велес.

На 02.06.2022 околу 03.00 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 37-годишниот гостиварец Е.Х., кој претходно одзел патничко возило „фолксваген голф 4", со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на лице од гостиварско Чегране, кое незаклучено било паркирано на ул.„Сретко Крстевски" во Гостивар. Е.Х. е задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка, по што ќе му биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 13.45 во СВР Куманово, 65-годишен маж од Куманово пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 8.000 денари. Според пријавеното, лицето му понудило огревни дрва и откако се договориле, се упатиле на местото каде наводно бил камионот со дрвата. Откако пристигнале лицето му кажало дека ќе се врати, а тој да го почека камионот, но отишло во неговата куќа и од неговата сопруга ги побарало и добило парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2022 во 00.20 часот во ОВР Гевгелија било пријавено дека во с.Стојаково, гевгелиско, Г.А.(58) од с.Стојаково, управувајќи патничко возило „цитроен", со гевгелиски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Медицински центар Гевгелија, а увид на местото извршила екипа на ОВР Гевгелија.

На 01.06.2022 во 17.15 часот во Полициската станица Петровец било пријавено дека во касарна во општина Петровец починал Ѓ.В.Т.(50) од Република Романија, кој работел во фирма која извршувала дејност во Северна Македонија. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.
На 02.06.2022 во 00.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, З.О.(37) од Скопје пријавила дека на бул.„Никола Карев", поради нерасчистени семејни односи, била физички нападната од Б.Ј. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2022 во 21.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.В.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев", по претходна вербална расправија, В.П. физички го нападнал и му одзел и оштетил лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.С.(43) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 11.02.2022 на место викано „Ростушко анче", општина Маврово и Ростуше, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд", при што било констатирано дека пријавениот превезувал патници без да поседува соодветна документација, односно лиценца издадена од соодветна институција.

На 01.06.2022 во 10.30 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на крстосница од ул„Кеј 1 Мај" со ул„Орде Тутески" во Прилеп, патничко возило „цитроен", со прилепски регистарски ознаки, управувано од З.Е.(34), удрило во пешакот Н.П.(81), двајцата од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница Прилеп. Увид извршила увидната екипа на ОВР Прилеп.

На 02.06.2022 во 07.05 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Б.С.(30) од Велес, затоа што на ул.„Вардарска" се однесувал агресивно и попречувал полициски службеници при вршење службена дејност. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2022 во 01.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.М.(36) од Скопје. Тој, претходно, на крстосница на бул.„Кузман Јосифовски – Питу" со бул.„Кочо Рацин", попречувал движење на автобус на ЈСП, агресивно се однесувал кон возачот и патниците и оштетил едно стакло, при што со повреди се здобил возачот З.Р.(51) од Волково, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Борис Трајковски", на место викано „Чешма", бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу две групи на лица кои биле со патнички возила и употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против малолетник од с.Љуботен, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи од безбедност". На 07.05.2022 околу 23.00 часот на Плоштад „Македонија" пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 01.06.2022 во 11.40 часот во Полициската станица Центар, Т.К.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„Црвена вода" бил физички нападнат од М.Д. од општина Сарај, кој и претходно му се заканувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, С.Д.(47) од Скопје пријавил дека во основно училиште на ул.„Џон Кенеди" неговиот малолетен син бил нападнат од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2022 во 16.05 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.Ѓ.(60) Велес, затоа што претходно во парк во Велес почнал да се соблекува пред малолетник од Велес. Во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 11.50 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека на покрив од фирма на ул.„1152" биле пронајдени три залутани зрна, кои оштетиле фотонапонски панели. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а зрната биле подигнати за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет